# Извештај од самоевалуацијата на училиштето

Врз основа на Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161/2019), за обезбедување на квалитет на наставата Училишниот одбор на секои четири години донесува програма за развој на училиштето во која се земени предвид резултатите од самоевалуацијата спроведена од страна на училишната комисија,советодавната и стручната помош од БРО, препораките од извештајот од интегралната евалуација спроведена од страна на Државниот просветен инспекторат, како и резултатите од екстерната евалуација содржани во годишниот извештај за работа на наставниците и стручните соработници од страна на Државниот испитен центар.На секои две години училиштето врши самоевалуација.Самоевалуацијата се спроведува на крајот на секоја втора наставна година.

Согласно одредбите на член 129 став 2 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на ОУРЦ ,,Кочо Рацин“ - Битола, донесе Одлука за формирање на комисија за самоевалуација на ОУРЦ.

Формирана е комисија за самоевалуација во состав: Вилма П. Анастасова, Лидија Ничков, Методија Велкоски, Благој Насев, Билјана Петровска.

Целта на самоевалуацијата е објективно утврдување и постојано унапредување на квалитетот на работата на училиштето. Самоевалвацијата е показател дека училитето е подготвено да ја прифати одговорноста за сопствената работа и развој.

| | |
|---|---|
| **Име на Заводот** | Основно училиште со ресурсен центар ,,Кочо Рацин,, |
| **Локација на училиштето** | Периферен дел |
| **Директор** | Д-р. Валентина Стојкоска |
| **Степен на училиштето Струка Профили на програмите во училиштето** | Основно училиште со ресурсен центар |
| **Број на ученици во учебната 2020 / 2021 година** | 83 ученици |

| **Број на вработени** | **Наставници** | **Стручни соработници** | **Административен и технички кадар** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| | 35 | 8 | 28 | 71 |

**Специфичности на организацијата**



Основното училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин” - Битола е единствена установа во Републиката од ваков вид. Истиот е основоположник на дефектолошката теорија и пракса во Република Македонија. Битола е град со вековни традиции. Затоа сме горди што нашата установа е дел од него и успешно се развива сега и години на назад.

Основното училиште со ресурсен центар “Кочо Рацин”- Битола се наоѓа на северниот влез од градот, од лева страна, во близина на црквата Св.Недела.



**Мисија**

Давање услуги (рехабилитација и образование) преку употреба и користење на најсовремена рехабилитационо-образовна технологија, примена на најсовремени и специјализирани методи и форми на работа чија крајна цел е развивање на интелектуалните и другите способности на децата (учениците) со проблеми во развојот и нивна припрема за иден општествено користен и независен член на нашата заедница.

**Визија**

Да бидеме водечка установа за специјално основно образование и за

поддршка во одредена мерка на инклузивното образование, се со цел да се овозможи да го добиеме приматот на национално и регионално ниво, како во однос на професионалната подготвеност на училишниот кадар, така и во однос на материјално технички услови за работа со деца со пречки во развојот.

Мото: Вратата на иднината се отвора со моќта на знаењето, хуманоста и позитивната мисла.

| **Одд.** | **Бр. на** | **Бр. на учен** | **Етничка и родова структура на** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македо** | | **Албан** | | **Турц** | | **Роми** | | **Мак.** | |
| | | | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **ж** | **м** | **Ж** |
| **подготвително** | **2** | **11** | **2** | **6** | | **1** | | | **1** | **1** | | |
| **I** | **2** | **6** | **3** | **1** | | **1** | | | | | **1** | |
| **I** | **2** | **9** | **3** | **1** | **1** | | | **1** | **1** | **2** | | |
| **I** | **2** | **8** | **2** | **2** | **1** | | **2** | **1** | | | | |
| **I** | **2** | **8** | **4** | **2** | **1** | | | | **1** | | | |
| **V** | **1** | **6** | **2** | | | | **1** | | **1** | **2** | | |
| **I -** | **11** | **48** | **15** | **12** | **3** | **2** | **4** | **3** | **4** | **5** | **1** | |
| **V** | **2** | **11** | **4** | **2** | **1** | | **1** | **1** | **1** | **1** | | |
| | **2** | **8** | **3** | **2** | **1** | | | | **1** | **1** | | |
| | **2** | **9** | **3** | **1** | | | | **1** | **2** | **2** | | |
| **I** | **2** | **7** | **1** | **2** | | **1** | | | **3** | | | |
| **VI-IX** | **8** | **35** | **11** | **7** | **2** | **1** | **1** | **2** | **7** | **4** | | |
| **I -** | **19** | **83** | **26** | **19** | **5** | **3** | **4** | **4** | **11** | **9** | **1** | |

## Што правиме да бидеме подобри?

Самовреднувањето има единствена цел, подобрување на квалитетот во наставата и севкупниот живот и работа во училиштето. Од анализите и согледувањата се добија показатели за подобрување и унапредување на одделни сегменти и подрачја во работата на училиштето.
Самовреднувањето е насочено кон:

-  Претворање на општите цели во конкретни задачи и задолженија;
-  Хармонизирање и балансирање на обврските на ниво на стручни активи и поединци;
-  Организираност, систематичност и сигурност во работата во делувањето на сите субјекти на ниво на училиште;
-  Можност за воспоставување квалитетен систем на следење, анализирање и вреднување на работата.
-  Процесот на самоевалуација се реализираше преку однапред договорени приоди и постапки:формирање на тимови по осумте подрачја;внатрешна поделба на одговорностите помеѓу членовите на тимовите;изготвување на инструменти,анализи,прибирање на доказни материјали евидентирање на истите и изготвување на извештај.